Уп. Бр.08-165/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од АЛФИ Ренуаблс, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија и МК Грин Енерџи ЛТД со регистрирано седиште на адреса Грива Дигени 115, Тридент Центар, 3101 Лимасол, Република Кипар, преку полномошник Божидар Милошевиќ адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 14.12.2023 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која друштвата АЛФИ Ренуаблс, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија и МК Грин Енерџи ЛТД со регистрирано седиште на адреса Грива Дигени 115, Тридент Центар, 3101 Лимасол, Република Кипар ќе стекнат заедничка контрола над друштвата Сантастик Оне д.о.о. Београд со регистрирано седиште на адреса Владимир Поповиќ 50, 6. Спрат, стан бр. 463, 11070 Белград (Нови Београд) Србија и Сантастик Ту д.о.о. Београд со регистрирано седиште на адреса Владимир Поповиќ 50, 6. Спрат, стан бр. 463, 11070 Белград (Нови Београд) Србија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 14.11.2023 година, а дополнето на 17.11.2023 годин до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од АЛФИ Ренуаблс, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија и МК Грин

Енерџи ЛТД со регистрирано седиште на адреса Грива Дигени 115, Тридент Центар, 3101 Лимасол, Република Кипарсо која АЛФИ Ренуаблс, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. и МК Грин Енерџи ЛТД ќе стекнат заедничка контрола над друштвата Сантастик Оне д.о.о. Београд со регистрирано седиште на адреса Владимир Поповиќ 50, 6. Спрат, стан бр. 463, 11070 Белград (Нови Београд) Србија и Сантастик Ту д.о.о. Београд со регистрирано седиште на адреса Владимир Поповиќ 50, 6. Спрат, стан бр. 463, 11070 Белград (Нови Београд) Србија

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

-**АЛФИ Ренуаблс, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о.** е словенечко друштво за управување со алтернативни инвестициски фондови, основано кон крајот на 2020 година, со регистрирана главна дејност – управување со фондови. АЛФИ Ренуаблс управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. управува со специјализиран инвестициски фонд АЛФИ зелени извори на енергија, Специјален инвестициски фонд, со регистрирано седиште на адреса улица Веровшкова 55А, 1000 Љубљана, Република Словенија, кој извршува активност на вложување на средства, собрани од различни инвеститори согласно неговата политика за инвестирање, во ветерни и фотоволтаични централи кои произведуваат електрична енергија преку трансформација на ветерна и сончевата светлина како природни обновливи ресурси, по можност во фазата на изградба или во подоцнежната фаза на развој.

Алфи Групата во својата поширока смисла е присутна и остварува приход во Северна Македонија. Во својот поширок состав Алфи Групата ги има следните регистрирани зависни друштва во Северна Македонија:

-**АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје,** со регистрирано седиште на адреса Булевар Киро Глигоров бр. 13, Гази Баба, Скопје, кое е активно со продажба на големо на играчки, квалитетна опрема за деца, детски додатоци и текстилни производи за деца.

**-МК Грин Енерџи** е друштво во состав на МК Групата, која е под конечна контрола на г. Миодраг Костиќ („МК Група"). Во состав на МК Групата се наоѓаат повеќе од 40 поврзани друштва кои работат во Србија и во странство, и кои вработуваат повеќе од 6.000 луѓе.

Деловната активност на МК Групата како целина, е во основа производство и трговија со земјоделски производи. МК Групата е активна со производство на шеќерна репка, шеќер, пченка, пченица, јачмен, маслодајна репка, и други ратарски култури со употреба на најсовремени агротехнички мерки и земјоделска механизација од последна генерација. Покрај ова, МК Групата врши трговија и со земјоделски производи, вештачко ѓубриво, пестициди, меркатилни и семенски производи (пченица, пченка, соја...). Дополнително, МК Групата се занимава и со туризам, информациски технологии, како и со банкарски и брокерско-дилерски работи.

МК Групата нема регистрирани зависни друштва во Северна Македонија, но остварува приходи од продажбата (извоз) на земјоделски производи.

**-Сантастик Оне** е основано во септември 2021 година со цел развој на фотонапонска електрана *„Сантастик Оне солар ПВ"* во општина Алексинац, Република Србија, со максимална моќност од 8,75 MW. Сантастик Оне поседува одредени имоти, дозволи и права за развој и изградба на сончева електрана „Сантастик Оне солар ПВ".

**-Сантастик Ту** е основано во септември 2021 година со цел развој на фотонапонска електрана „Сантастик Ту солар ПВ"во општина Алексинац, Република Србија, со максимална моќност од 8,75 MW. Сантастик Ту поседува одредени имоти, дозволи и права за развој и изградба на сончевата електрана „Сантастик Ту солар ПВ".

Сантастик Оне и Сантастик Ту не остваруваат приходи и немаат регистрирани зависни друштва во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**